# ЗЕЛС BNJVL

ГЛАСИЛО | GAZETË

јули/korrik
2013

## ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## GAZETË

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË



## РЕАЛИЗИРАНИ НИЗА ОБУКИ, СОВЕТУВАЊА И РАБОТИЛНИЦИ ВО ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАРОТ

## NJË SËRË TRAJNIME, KËSHILLIME DHE PUNËTORI TË REALIZUARA NË QENDRËN E TRAJNIMEVE TË BNJVL-SË

## ДИСКУСИИ И ИНИЦИЈАТИВИ НА ВТОРАТА СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

## DISKUTIME DHE INICIJATIVA NË SEANCËN E DYTË TË BORDIT DREJTUES TË BNJVL-SË







**Почитувани,**

Активностите на ЗЕЛС интензивно течеа и во текот на месец јули. Надзорниот одбор на ЗЕЛС одржа конститутивна седница на која членовите за претседател на Надзорниот одбор го избраа Жика Стојановски, градоначалник на општина Илинден. Управниот одбор на ЗЕЛС на 11 јули, 2013 година ја одржа втората седница, во просториите на административната зграда на ЗЕЛС, на која се дискутираа значајни прашања со кои се соочуваат локалните власти при спроведувањето на своите надлежности и беа реактивирани повеќе иницијативи. Недостатокот на средства за спроведување на надлежноста за образование и натаму претставува актуелен проблем за голем број на општини, при што особено беа нагласени долговите за топлинска и електрична енергија, поради што повторно беше покрената иницијативата до Регулаторната комисија, училиштата да се вратат во тарифната група „домаќинства". Се дискутираше и за предизвиците околу постапката за легализација на објекти изградени на заштитени подрачја, како и за изнаоѓање на мерки за стимулирање на сопствениците за реактивирање на неактивните стопански субјекти, или поттикнување на градба на локации во централни градски подрачја, кои го нарушуваат изгледот на урбаната средина. Стана збор и за можностите за промени на критериумите за целосно искористување на средствата од фондови за рурални подрачја со центар во рурална средина, имајќи предвид дека освен две општини во земјава, останатите општини, исто така, на својата територија имаат големи рурални подрачја. Беше предложено годинашниот ЗЕЛС-ЕКСПО, традиционалниот саем на општините да се реализира во правец на промовирање на општините како поволни дестинации за инвестирање, при што се формира посебна комисија која ќе се посвети на подигнувањето на нивото на оваа манифестација. Управниот одбор на оваа седница ги усвои и критериумите за користење на просториите на ЗЕЛС тренинг центарот на трети лица, поради големата заинтересираност на невладини и странски организации во земјава за одржување на нивни состаноци, обуки и конференции во овие сали. Ова активност е и во согласност со стратегиската цел на ЗЕЛС за реализирање на активности за обезбедување на самоодржливост на Заедницата. Присутните дискутираа и за реализацијата на постапката за електронско издавање на одобрение за градба, при што беа посочени одредени предизвици при нејзиното спроведување во одредени општини. Затоа ЗЕЛС собра писмени податоци за предизвиците со кои се соочуваат општините, а потоа организира две работилници, на кои по еден претставник од урбанизам од општините, заедно со претставник од Министерството за транспорт и врски и од фирмата изготвувач на софтверот, дискутираа во правец на нивно надминување.

ЗЕЛС и во месец јули, организира обуки за претставници од општинската администрација и тоа за претставниците од Мрежата за образование, како и обука за примена на прописите за канцелариско работење, а продолжија и обуките за новоизбраните членови во Комисиите за односи меѓу заедниците. Мрежата на територијалните противпожарни единици при ЗЕЛС разгледа неколку иницијативи, а претставници од ЗЕЛС зедоа учество на состанокот за предлог- правилник за утврдување на програмата за обука на лица за стекнување со уверение за вршење на професијата пожарникар. ЗЕЛС беше повикан на состанокот што го иницираше групацијата на пазари, при Стопанската комора на Македонија да даде поддршка при изнаоѓањето на решенија за проблемите што се јавуваат на локално ниво со дивите пазарџии. За овие и за други активности што ги реализираше ЗЕЛС во месец јули, можете да прочитате во овој број на Гласилото на Заедницата.

**Со почит,**

**Душица Перишиќ**
**Извршен директор на ЗЕЛС**



**Të nderuar,**

Aktivitetet e BNJVL-së rrjedhnin në mënyrë intenzive edhe në muajin korrik. Bordi Mbikëqyrës i BNJVL-së mbajti seancë konstitutive në të cilën anëtarët për kryetar të Bordit Mbikëqyrës e zgjodhën Zhika Stojanovski, kryetar i komunës së Ilindenit. Bordi Drejtues i BNJVL-së më 11 korrik të vitit 2013 e mbajti seancën e dytë në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së ku u diskutuan çështje të rëndësishme me të cilat autoritetet lokale u ballafaquan gjatë zbatimit të kompetencave të tyre me ç'rast u riaktivizuan edhe shumë inicijativa. Mungesa e mjeteve për zbatimin e kompetencës për arsim edhe më tej paraqet një problem aktual për një numër të madh të komunave andaj posaçërisht u theksuan borxhet për energji elektrike dhe ngrohëse meqë u riaktivizua ngritja e inicijativës deri te Komisioni Rregullues që shkollat të kthehen në grupin tarifor "amvisëri". U diskutua edhe për sfidat rreth procedurës për legalizimin e objekteve të ndërtuara në zona të mbrojtura si dhe rreth gjetjes së masave për nxitje të pronarëve për riaktivizimin e subjekteve afariste joaktive ose për nxitje të ndërtimit të lokacioneve në zona qendrore të qytetit, të cilat e dëmtojnë pamjen e mjedisit urban. Bëhet fjalë edhe për mundësitë për ndryshim të kritereve për shfrytëzim të tërësishëm të mjeteve nga fondet e dedikuara për zona rurale me qendër në mjedis rural, duke patur parasysh që përveç dy komuna në vend, të gjitha komunat tjera kanë mjedise të mëdha rurale në teritorin e tyre. U propozua që BNJVL EKSPO i sivjetshëm, panair tradicional i komunave të realizohet në drejtim të promovimit të komunave si destinacione të favorshme për investim, me ç'rast u krijua komision i posaçëm i cili do të përkushtohet në ngritjen e nivelit të këtij evenimenti. Bordi Drejtues në këtë seancë i miratoi edhe kriteret për shfrytëzimin e hapësirave të Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së nga persona të tretë përshkak të interesimit të madh nga organizata joqeveritare dhe të huaja në vend për mbajtjen e takimeve të tyre, trajnime dhe konferenca në këto salla. Ky aktivitet është në pajtim me qëllimin strategjik të BNJVL-së për realizim të aktiviteteve për sigurim të pavarësisë financiare të Bashkësisë. Të pranishmit diskutuan për realizimin e procedurës për dhënien elektronike të lejeve për ndërtim, me ç'rast u shprehën sfida të caktuara gjatë realizimit të saj në disa komuna. Prandaj BNJVL-ja mblodhi të dhëna me shkrim për sfidat me të cilat ballafaqohen komunat dhe më pas organizoi dy punëtori, në të cilat nga një përfaqësues nga urbanizmi nga komunat bashkë me përfaqësues nga Ministria e transportit dhe lidhjeve edhe nga firma hartuese e softuerit diskutuan për tejkalimin e tyre.

BNJVL-ja edhe në muajin korrik organizon trajnime për përfaqësues nga administrata komunale dhe kjo për përfaqësues nga Rrjeti i arsimit si dhe trajnim për zbatimin e rregullave për punën në zyrë, por vazhduan trajnimet për anëtarët e sapozgjedhur në Komisionet për marrëdhënie ndërmjet bashkësive. Rrjeti i njësive zjarrfikëse territoriale në BNJVL shqyrtoi disa inicijativa, kurse përfaqësues nga BNJVL-ja morrën pjesë në takimin për miratimin e propozim-rregullores për caktimin e programit për trajnim të personave për fitimin e vërtetimit për zbatim të profesionit-zjarrfikës. BNJVL-ja ishte thirrur në takim të cilin e inicoi grupimi i tregjeve, në Odën Ekonomike të Maqedonisë të jap përkrahje në gjetjen e zgjidhjeve për problemet të cilat shfaqen në nivel lokal me tregtarët e paregjistruar. Për këto dhe aktivitete të tjera që i realizoi BNJVL-ja në muajin korrik, mund të lexoni në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

**Me nderime,**

**Dushica Perishiq**
**Drejtor Ekzekutiv i BNJVL-së**


ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0) 2 30 99 033 / факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk

Извршен директор на ЗЕЛС - Душица Перишиќ
Заменик извршен директор на ЗЕЛС - Ардита Дема - Мехмети
Уреднички колегиум - Весна Арсовска - Динковска, Виктор Арнаудоски
Дизајн, подготовка за печатење и печатење - Европа 92
Лекторира - Момент мал; Превод - Висар Полику и Валентина Трајко

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk

Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së - Dushica Perishiq
Zëvendës drejtor ekzekutiv - Ardita Dema - Mehmeti
Bordi redaktues - Vesna Arsovska - Dinkovska, Viktor Arnaudoski
Dizajnim, përgatitje për shtyp dhe shtypje - Evropa 92
Lektoron – Moment mall; Përkthim – Visar Poliku dhe Valentina Trajko

# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС

# KRYETARI I KOMUNËS SË ILINDENIT, KRYETAR I RI I BORDIT MBIKËQYRËS TË BNJVL-SË



Жика Стојановски, градоначалник на општина Илинден, е новиот претседател на Надзорниот одбор на ЗЕЛС. Тој беше едногласно избран, на конститутивната седница на одборот, што се одржа на четврти јули, 2013 година, во просториите на административната зграда на ЗЕЛС. Во согласност со статутарните измени, изгласани од Генералното собрание на ЗЕЛС, на 28 јуни, 2013 година, мандатот на членовите на ова тело, вклучително и на претседателот на Надзорниот одбор, изнесува четири години. На оваа седница, од вкупно пет члена на Надзорниот одбор, присуствуваа четворица, и тоа: Садула Дураку, градоначалник на општина Липково, Жика Стојановски, градоначалник на општина Илинден, Момчило Алексовски, градоначалник на општина Ранковце и Николче Чурлиновски, градоначалник на општина Валандово. Н.О. го контролира извршувањето на одлуките на Генералното собрание и на Управниот одбор, ја контролира законитоста и статутарноста на одлуките на Управниот одбор и на извршниот директор и го контролира финансиското работење и управувањето со имотот на Заедницата. По потреба, организира спроведување на ревизија на финансиското работење и на Генералното собрание му доставува мислење за извештајот за работа, завршната сметка на буџетот на Заедницата и за Годишниот извештај за работа.

Zhika Stojanovski, kryetari i komunës së Ilindenit është kryetari i ri i Bordit mbikëqyrës të BNJVL-së. Ai u zgjodh unanimisht në seancën konstitutive të Bordit Mbikëqyrës, e cila u mbajt më 4 korrik të vitit 2013 në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së. Në pajtim me ndryshimet statutare, të votuara nga Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së më 28 qershor të vitit 2013, mandati i anëtarëve të këtij trupi, duke e përfshirë edhe atë të kryetarit të Bordit Mbikëqyrës, zgjat katër vjet. Në këtë seancë, prej gjithsej pesë anëtarëve të Bordit Mbikëqyrës, morrën pjesë katër edhe atë: Sadulla Duraku, kryetar i komunës së Likovës; Zhika Stojanovski, kryetar i komunës së Ilindenit; Momçillo Aleksovski, kryetar i komunës së Rankovcës dhe Nikollçe Çurlinovski, kryetar i komunës së Vallandovës. BM kontrollon zbatimin e vendimeve të Kuvendit gjeneral dhe Bordit drejtues. E kontrollon ligjshmërinë dhe statutshmërinë e vendimeve të Bordit drejtues dhe Drejtorit ekzekutiv dhe e kontrollon punën financiare dhe menaxhimin me pronën e Bashkësisë. Sipas nevojës organizon zbatimin e revidimit të punës financiare dhe të Kuvendit gjeneral dhe parashtron mendim për raportin për punën dhe llogarinë përfundimtare të buxhetit të Bashkësisë dhe dërgon Raport vjetor për punën e saj.





# ОРГАНИЗИРАНИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ПРИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА СОФТВЕРСКАТА АПЛИКАЦИЈА ЗА Е- ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА

# U ORGANIZUAN PUNËTORI PËR CAKTIMIN DHE ZGJIDHJEN E SFIDAVE GJATË IMPLEMENTIMIT TË APLIKACIONIT SOFTUERIK PËR E-LEJE PËR NDËRTIM





На 23 јули, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот беа организирани две работилници (едната од 09.00 -13.00 часот и втората од 13.00 - 17.00 часот) на кои учествуваше по еден претставник од секоја општина, од секторот или одделението за урбанизам. Работилниците беа организирани со цел детектирање и разрешување на предизвиците со кои се соочуваат локалните власти при имплементацијата на софтверската апликација за е - одобрение за градба, која во согласност со Законот за градба, започна да се употребува од 1 јуни, оваа година. Иницијатива за организирање на ваков вид на работилници даде Управниот одбор на ЗЕЛС, на својата втора седница, на која дискутираше за напредокот во реализирањето на електронските постапки за издавање на одобрение за градење. Претставници од Министерството за транспорт и врски, од ЗЕЛС и од фирмата изготвувач на софтверската апликација за е- дозвола, на работилниците, одговараа на сите поставени прашања од страна на претставниците од општините. Со цел поподготвено спроведување на овие работилници, ЗЕЛС претходно достави барање до сите општини да испратат писмени забелешки за сите проблеми со кои се соочиле при практичната примена на овој информациски систем.

Реализацијата на овие две работилници е во рамките на низата активности што ЗЕЛС ги спроведува како поддршка на своите членки за имплементирање на оваа законска обврска.

Më 23 korrik, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së u organizuan dy punëtori (njëra nga ora 09.00 -13.00 dhe e dyta nga ora 13.00 -17.00) në të cilat morrën pjesë nga një përfaqësues nga secila komunë, nga sektori ose departamenti për urbanizëm. Punëtoritë ishin të organizuara me qëllim që të detektohen dhe zgjidhen sfidat me të cilat ballafaqohen autoritetet lokale gjatë implementimit të aplikacionit softuerik e-leje për ndërtim, i cili në pajtim me Ligjin për ndërtim, filloi të përdoret nga 1 qershori i këtij viti. Inicijativa për organizim të këtij lloji punëtorish dha Bordi Drejtues i BNJVL-së në seancën e tij të dytë, në të cilën u diskutua për përparim në realizimin e procedurave elektronike për dhënien e lejes për ndërtim. Përfaqësues nga Ministria e transportit dhe lidhjeve, nga BNJVL-ja dhe nga firma hartuese e aplikacionit softuerik e-leje për ndërtim, në punëtoritë, i jepnin përgjigje të gjitha pyetjeve të drejtuara nga ana e përfaqësuesve të komunave.

Me qëllim që të realizohen këto punëtori në mënyrë më të përgatitur, BNJVL-ja paraprakisht dërgoi kërkesë deri te të gjitha komunat që të dërgojnë vërejtje me shkrim për të gjitha problemet me të cilat janë ballafaquar gjatë përdorimit praktik të këtij sistemi informatik.



# ОПШТИНА КИЧЕВО ПРВА ИЗДАДЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

За период од 27 дена, од денот на поднесувањето на барањето, општина Кичево го издаде првото одобрение за градење по електронски пат во Република Македонија. Во согласност со Законот за градење, од 1 јуни, 2013 година, оваа постапка се води исклучиво по електронски пат, преку информацискиот систем „ е-одобрение за градење", воспоставен при ЗЕЛС. Станува збор за одобрение за градење по кое во моментот течат роковите за негова правосилност, а во согласност со Закон.

Со оваа постапка, се покажа дека електронскиот систем овозможува брзо, ефикасно и транспарентно постапување од страна на општините во Републиката. Всушност, воведувањето на овој информациски систем имаше за цел да го унифицира постапувањето од страна на надлежните органи и да обезбеди следење на роковите утврдени согласно Закон, заради што се очекува и во иднина постапките да траат значително пократко од досегашната практика. Се разбира, ова е овозможено во услови кога подносителот на барањето за одобрение за градење, поднел комплетна документација. Дополнителна предност на овој информациски систем е што инвеститорите можат барањето да го поднесат од било која локација со пристап на интеренет, не само во земјава, туку и надвор од неа.

Треба да се има во предвид дека со информацискиот систем „е – одобрение за градење" во моментов е овозможено електронско постапување по барања за издавање на одобрение за градење, доградба и надградба, а набрзо истото ќе биде овозможено и за сите останати видови на барања утврдени со Законот за градење.

Општините, во овој период, освен постапките по електронски пат, постапуваат и по предметите по поднесени барања во хартиена форма пред воспоставувањето на електронскиот систем, односно пред 1 јуни, 2013 година и истите тековно се издаваат во сите општини.

Издавањето на првото одобрение за градба по електронски пат се смета за голем успех на администрацијата на Општина Кичево, но и успех на ЗЕЛС, која во континуитет им даваше поддршка на претставниците на општинската администрација од сите општини за адекватна имплементација на законските измени. До ваквиот посакуван ефикасен резултат доведоа бројните активности што ги реализираше ЗЕЛС во соработка со Министерството за транспорт и врски. ЗЕЛС организираше средби со сите институциите вклучени во постапката на издавање на одобрение за градење, при изработката на софтверот за електронско издавање на е- дозволи. Организираше голем број обуки за општинската администрација, но и за другите учесници во овој процес, пред да стапи во сила на законската одредба за издавање на одобрение за градба по електронски пат. Поддршката на ЗЕЛС продолжи и по овој период, односно по 1 јули, 2013 година, од кога стручната служба на ЗЕЛС е во секојдневна непосредна, телефонска и електронска комуникација со сите инволвирани страни во постапката (општинската администрација како и со инвеститорите и проектантските друштва) за адекватно користење на електронскиот систем.

# KOMUNA E KËRÇOVËS, KOMUNA E PARË E CILA DHA LEJE PËR NDËRTIM NË MËNYRË ELEKTRONIKE

Për periudhë prej 27 ditëve, nga dita e parashtrimit të kërkesës, komuna e Kërçovës e dha lejen e parë për ndërtim në mënyrë elektronike në Republikën e Maqedonisë. Në pajtim me Ligjin për ndërtim nga 1 qershori i vitit 2013 kjo procedurë realizohet vetëm në mënyrë elektronike, nëpërmjet sistemit informatik „e-leje për ndërtim", i vendosur në BNJVL. Bëhet fjalë për leje ndërtimi pas së cilës në këto momente rrjedhin afatet për plotfuqishmërinë e saj, në pajtim me Ligj.

Me këtë procedurë u vërtetua se sistemi elektronik mundëson veprim më të shpejtë, më efikas dhe më transparent nga ana e komunave në Republikë. Në fakt, vendosja e këtij sistemi informatik kishte për qëllim të unifikojë veprimin nga ana e organeve kompetente dhe të sigurojë ndjekjen  e afateve të caktuara në pajtim me Ligj dhe për këtë pritet në të ardhmen procedurat të zgjasin shumë më pak nga praktika e deritanishme. Kuptohet kjo është e mundësuar në kushte kur parashtruesi i kërkesës për leje ndërtimi, e ka parashtruar dokumentacionin e plotë. Një përparësi tjetër e këtij sistemi informatik është se investuesit mund të parashtrojnë kërkesë nga cilido lokacion që ka qasje në internet, jo vetëm brenda shtetit por edhe jashtë tij.

Duhet të kemi parasysh se me sistemin informatik „e-leje për ndërtim" momentalisht është i mundësuar veprimi elektronik pas kërkesave për dhënie të lejes për ndërtim, ndërtim shtesë ose mbindërtim dhe së shpejti e njejta do të mundësohet për të gjitha llojet e tjera të kërkesave të caktuara me Ligjin për ndërtim.

Komunat, në këtë periudhë, përveç procedurave në mënyrë elektronike, veprojnë edhe pas lëndëve për kërkesa të parashtruara në formë letre para vendosjes së sistemit elektronik, gjegjësisht para datës 1 qershor të vitit 2013 dhe të njejtat aktualisht jepen në të gjitha komunat.

Dhënia e lejes së parë për ndërtim në mënyrë elektronike konsiderohet si sukses i madh i administratës së Komunës së Kërçovës, por edhe sukses i BNJVL-së, e cila vazhdimisht i jepte përkrahje përfaqësuesve të administratës komunale nga të gjitha komunat për implementim adekuat të ndryshimeve ligjore. Këtë rezultat efikas dhe të dëshiruar e sollën aktivitetet e shumta që i realizoi BNJVL-ja në bashkëpunim me Ministrinë e transportit dhe lidhjeve. BNJVL-ja organizoi takime me të gjitha institucionet të përfshira në procedurën për dhënien e lejeve për ndërtim, gjatë përpunimit të softuerit për dhënie elektronike të e – lejeve. Organizoi numër të madh trajnimesh për administratën komunale, por edhe për pjesëmarësit e tjerë në këtë proces, para se të futet në fuqi dispozita ligjore për dhënie të lejes për ndërtim në mënyrë elektronike. Përkrahja e BNJVL-së vazhdoi edhe pas kësaj periudhe, gjegjësisht pas 1 qershorit të vitit 2013, që kur shërbimi profesional i BNJVL-së është në komunikim të ndërsjellë, me telefon dhe komunikim elektronik me të gjitha palët e përfshira në procedurë (administrata komunale si dhe me investuesit dhe shoqatat projektuese) për shfrytëzim adekuat të sistemit elektronik.

## МРЕЖАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ПРИ ЗЕЛС РАЗГЛЕДА НЕКОЛКУ ИНИЦИЈАТИВИ

## RRJETI I NJËSIVE TERRITORIALE ZJARRFIKËSE NË BNJVL SHQYRTOI DISA INICIJATIVA

Мрежата на територијалните противпожарни единици при ЗЕЛС, одржа седница на 17 јули, 2013 година, во просториите на ЗЕЛС, на која присуствуваше и претставник од Дирекцијата за заштита и спасување. На седницата беа разгледани и двете иницијативи на Синдикатот на пожарникарите, во однос на методологијата за пресметка на платата на пожарникарите во Републиката, како и иницијативата за започнување на процес за утврдување на начинот и формата, како и надлежните институции кои во иднина би се јавиле како потписници на општиот колективен договор со професионалните пожарникари. На состанокот беше разгледана и иницијативата на ПЕГАС – Центарот за обука, формиран во Битола, со статус на невладина организација, да се вклучи во процесот на обука и на професионалните противпожарни единици. На овој состанок беа презентирани и резултатите од учеството на група пожарникари од Република Македонија на државното првенство во спасување и извлекување во сообраќајни незгоди, кое се одржа на 04 јули, 2013 година во Ливерпул, Велика Британија.

Rrjeti i njësive teritoriale zjarrfikëse në BNJVL mbajti seancë më 17 korrik të vitit 2013 në hapësirat e BNJVL-së në të cilën morri pjesë edhe përfaqësues nga Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim. Në seancë u shqyrtuan të dyja inicijativat e Sindikatit të zjarrfikësve, në lidhje me metodologjinë për llogaritjen e pagës së zjarrfikësve në Republikë, si dhe inicijativa për fillimin e procesit të caktimit të mënyrës dhe formës si dhe institucionet kompetente të cilat në të ardhmen mund të shfaqen si nënshkrues të marrëveshjes kolektive me zjarrfikësit profesionalë. Në takim u shqyrtua edhe inicijativa e PEGAS-it, Qendër për trajnime, e formuar në Manastir me status organizatë joqeveritare, të marrë pjesë në procesin e trajnimit edhe të njësive zjarrfikëse profesionale. Në këtë takim u prezantuan edhe rezultatet e pjesëmarrjes së grupeve të zjarrfikësve nga Republika e Maqedonisë në kampionatin shtetëror për shpëtim dhe nxjerrje nga aksidentet rrugore, i cili u mbajt më 4 korrik të vitit 2013 në Liverpul, Britani e Madhe.

## ЗАПОЧНА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ- ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКА НА ЛИЦА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО УВЕРЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ ПРОФЕСИЈА – ПОЖАРНИКАР

## FILLOI PUNA E KOMISIONIT PËR CAKTIMIN E PROPOZIM-RREGULLORES PËR CAKTIMIN E PROGRAMIT PËR TRAJNIME TË PERSONAVE PËR FITIMIN E VËRTETIMIT PËR ZBATIM TË PROFESIONIT- ZJARRFIKËS

Во просториите на Дирекцијата за заштита и спасување, на 19 јули, 2013 година, почна со работа Комисијата за утврдување на содржината на програмата за обука за стекнување со уверение за вршење на професија пожарникар. Во оваа работна група, како резултат на усогласените изменувања и дополнувања на Законот за пожарникарството, свои претставници има и ЗЕЛС, избрани од редот на членовите на Мрежата на територијалните противпожарни единици при ЗЕЛС. На состанокот беше изнесен нацрт – материјалот, при што беше договорено тој детално да биде разгледан на седница на Мрежата, на која ќе биде поканет претставник од Дирекцијата да го презентира предлог-правилникот, со цел сите командири на територијалните противпожарни единици да земат учество во утврдувањето на содржината, што всушност би претставувало официјален став на ЗЕЛС, утврден од најкомпетентните лица од оваа област.

Името на програмата за обука е „Програма за стручно оспособување за пожарникари," која се базира на одредбите од Законот за пожарникарство од 16.09.2004 година и Законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ бр.55 од 16. 04. 2013 година) и утврдените стандарди во нив. Целта на оваа програма е стручно оспособување за пожарникари за извршување на задачи и работи утврдени како професионални стандарди за звањето пожарникар. Предложено е програмата да опфаќа 300 часови за обука и еден месец практична работа во Територијалната противпожарна бригада на град Скопје или територијална противпожарна единица, што би се реализирале во организација на Центарот за обуки на Дирекцијата

Në hapësirat e Drejtorisë për mbrojtje dhe shpëtim më 19 korrik të vitit 2013 filloi me punë Komisioni për caktimin e propozim-Rregullores për caktimin e përmbajtjes së programit për trajnime për fitimin e vërtetimit për zbatim të profesionit-zjarrfikës. Në këtë grup pune, si rezultat të ndryshimeve dhe të plotësimeve të harmonizuara të Ligjit për zjarrfikësi, ka përfaqësues të vetë edhe BNJVL-ja, të zgjedhur nga rendi i anëtarëve të Rrjetit të njësive territoriale zjarrfikëse në BNJVL. Në takim u prezantua projekt-materiali dhe u caktua që ai të shqyrohet detajisht në seancën e Rrjetit, në të cilën do të jetë i ftuar përfaqësues nga Drejtoria t'a prezantojë propozim-Rregulloren me qëllim që të gjithë komandantët e njësive territoriale zjarrfikëse të marrin pjesë në caktimin e përmbajtjes, që në fakt do të paraqiste pozitën zyrtare të BNJVL-së, i caktuar nga personat më kompetentë në këtë fushë.

Emri i Programit për trajnim është Program për aftësim profesional të zjarrfikësve, i cili bazohet në dispozitat e Ligjit për zjarrfikësi nga 16.09.2004 dhe Ligjit për ndryshim dhe plotësim të Ligjit për zjarrfikësi ( Gazeta zyrtare e RM-së nr.55 nga 16.04.2013) dhe standardet e caktuara me ato. Qëllimi i këtij programi është aftësimi profesional i zjarrfikësve për zbatimin dhe plotësimin e detyrave dhe punë të caktuara si standarde profesionale për emërtimin Zjarrfikës. Është propozuar që Programi të përmbajë 300 orë për trajnim edhe një muaj punë praktike në Brigadën territoriale zjarrfikëse të Qytetit të Shkupit ose njësisë territoriale zjarrfikëse, të cilat mund të realizohen në organizim të Qendrës për trajnime të Drejtorisë

за заштита и спасување. Вкупно 260 часови се предлага да бидат посветени на репресивна заштита од пожари, кои вклучуваат пребарување, спасување и гаснење на пожари и друго, а 40 часа, вовед во противпожарната служба со превентивни мерки и постапки во службите за заштита од пожари. Како дел од условите за вклучување во програмата за обука на кандидатите е да имаат стекнато четврти степен на квалификација и да се на возраст до 35 години. Стекнатите потребни знаења и вештини кај секој кандидат ќе бидат предмет на евалуација, преку завршна проверка на практичната способност на кандидатот, како и усно и писмено испитување за теоретските знаења. Во оваа програма е утврдена и потребната стандардна опрема за организирање и спроведување на Програмата за стручно оспособување за пожарникари.

për mbrojtje dhe shpëtim. Gjithsej 260 orë propozohet të jenë të dedikuara për mbrojtje represive nga zjarret, të cilat përfshijnë kërkim, shpëtim dhe fikje të zjarreve dhe të tjera, kurse 40 orë, hyrje në shërbimin zjarrfikës me masa preventive dhe procedura në shërbimet për mbrojtje nga zjarret. Si pjesë të kushteve për futje në programin për trajnime të kandidatëve është niveli i katërt i kualifikimit të arritur dhe të jetë në moshë prej 35 vjet. Njohuritë e duhura të fituara edhe aftësitë te çdo kandidat do të jenë lëndë për evaluim, përmes verifikimit përfundimtar të aftësisë praktike të kandidatit si dhe provim me gojë dhe me shkrim të njohurive teorike. Në këtë program është caktuar edhe pajisja standarde e duhur për organizim dhe zbatim të Programit për aftësim profesional të zjarrfikësve.

## НОВ ЦИКЛУС НА ФОРУМСКИ СЕСИИ

Форумскиот процес во 11 општини, во рамките на новиот циклус од програмата „Форуми во заедницата“, продолжи во месец јули со одржување на меѓуопштинскиот форум во Македонска Каменица и Делчево, како и на проектниот форум во Шуто Оризари. Жителите на општините, на третата, односно втора сесија, ги презентираа предлог-концептите во рамките на темата „Собирање отпад“, односно ги утврдуваа проблемите и решенијата во рамките на избраната тема „Патна и сообраќајна структура“.

Двата форуми се дел од новиот циклус на форумски сесии во Илинден, Кривогаштани, Шуто Оризари, Студеничани, Виница, Штип, Тетово, Брвеница, Боговиње, Брвеница, Македонска Каменица и Делчево, каде во јуни и јули се одржаа по неколку форумски сесии на кои жителите дискутираа за приоритетите за подобрување на нивното секојдневно живеење, а предлагаа и свои идеи и решенија.

Граѓаните, најчесто, говореа за проблемите и решенијата на теми што се однесуваат на комуналната инфраструктура, собирање отпад, инфраструктурата во образованието, просторно и урбано уредување, подобрување на комунални услуги и други прашања од значење за локалната заедница. Се осврнуваа на најгорливите прашања во нивната општина што ги засегаат – изградба и реконструкција на улици и патишта, реновирање на училишта, санација на водоводна мрежа, недостаток на просторни услови за деца со посебни потреби итн.

Искуствата што општините ги стекнуваат во текот на форумскиот процес ќе можат да ги разменат на средбата за вмрежување, што се планира да се одржи во септември, оваа година, каде сите вклучени учесници во овој програмски циклус ќе имаат можност да говорат за спроведувањето на форумите во нивните општини.





## CIKËL I RI I SEANCAVE TË FORUMEVE

Proçesi i forumeve në 11 komuna, në kuadër të ciklit të ri nga programi “Forume në Bashkësi” filloi në muajin korrik me mbajtjen e forumit ndërkomunal në Makedonska Kamenicë dhe Dellçevë, si dhe në forumin projektues në Shuto Orizarë. Banorët e komunave, në seancën e tretë gjegjësisht të dytë i prezantuan propozim – konceptet në suaza të temës “Mbledhja e mbeturinave” gjegjësisht i caktuan problemet dhe zgjidhjet në kuadër të temës “Strukturë rrugore dhe e qarkullimit”.

Të dy forumet janë pjesë e ciklit të ri të seancave të forumeve në Ilinden, Krivogashtanë, Shuto Orizarë, Studeniçan, Vinicë, Shtip, Tetovë, Bërvenicë, Bogovinë, Makedonska Kamenicë dhe Dellçevë ku në qershor dhe korrik u mbajtën disa seanca të forumeve në të cilat banorët diskutuan rreth prioriteteve për përmirësimin e jetës së tyre të përditshme, propozuan ide të tyre dhe zgjidhje.

Banorët, më shpesh, folën për problemet dhe zgjidhjet e temave që kanë të bëjnë me infrastrukturën komunale, mbledhjen e mbeturinave, infrastrukturën në arsim, rregullimin hapësinor dhe urban, përmirësimin e shërbimeve komunale dhe çështje tjera me domethënie për bashkësinë lokale. Kushtuan vëmendje në çështjet më urgjente që i dedikohen komunave të tyre – ndërtim dhe rikonstruktim i rrugëve dhe rrugicave, rinovim i shkollave, sanim i rrjetit të ujësjellësit, mungesë e kushteve hapësinore për fëmijë me nevoja të veçanta etj.

Përvojat që komunat i fitojnë gjatë proçesit të forumeve do munden t`i shkëmbejnë në takimin për rrjetëzim i cili planifikohet të mbahet në shtator të këtij viti ku të gjithë pjesëmarrësit e përfshirë në këtë cikël programor do të kenë mundësinë të flasin për zbatimin e forumeve në komunat e tyre.

# ОДРЖАНА ОБУКА ЗА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА МРЕЖАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ПРИ ЗЕЛС

# U MBAJT TRAJNIMI PËR PËRFAQËSUESIT E RRJETIT PËR ARSIM NË BNJVL




Во рамките на Годишната програма за обуки на општинската администрација на ЗЕЛС тренинг центарот, на деветти јули, 2013 година, беше организирана обука со тема „Управување со процедури и временско планирање на постапки во образованието". Оваа обука ја посетија членовите на Мрежата за образование при ЗЕЛС, која опфаќа претставници од општините надлежни за образование и има за цел зајакнување на капацитетите на општинската администрација. Изборот на темата произлезе од барањата на советниците и инспекторите од општините, упатени до ЗЕЛС за сè уште нерасчистените дилеми кои беа опфатени во три поглавја на обуката: „Процедури за согласности за старо и ново финансирање", „Процедури за согласност за паралелка со помал број на ученици" и „Постапка за изведување на ученички екскурзии". Обуката ја одржаа советниците од Министерството за образование и наука, Георге Николов и Наташа Јаневска, кои освен презентирањето на овие законски процедури, одговараа на сите поставени прашања од страна на присутните. На обуката присуствуваа претставници од околу педесетина општини од земјава, кои истакнаа дека им се потребни почести средби со претставниците од МОН, со цел разјаснување на сите дилеми што настануваат при спроведување на законски постапки од областа на образованието. Во однос на темата за реализирањето на ученички екскурзии, беа потенцирани измените утврдени во правилниците за начинот на изведувањето на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните и од средните училишта. Потенцирано беше дека доколку има согласност од 30% од родителите во училиштето, екскурзијата може да се изведува, потоа беше нагласена измената, која предвидува донесување на кодекс на однесување за време на екскурзиите, што го потпишуваат родителите и учениците, а стана збор и за критериумите во прибирањето на понуди за изведувач на екскурзијата, но и за временскиот рок за доставување на мислењето за програмата на екскурзија. Претставниците од Министерството за образование посочија дека треба да се направат максимални напори во општините за да не се дозволува да се создава вештачки технолошки вишок во училиштата, при што истакнаа и некои технички забелешки кои предизвикуваат оддолжување на целокупната процедура. Стана збор и за формирањето на паралелки со помал број на ученици, за што присутните ги изнесоа предизвиците со кои се соочуваат во овој дел од работењето, а се дискутираше и за распределувањето на часови за изборните предмети и за проектните активности и слободни часови во средните училишта.

Во еден дел од обуката им беше отстапен временски простор на претставници од Агенцијата за државни службеници, кои ги запознаа присутните за образование со идејата за подготовка на софтвер во кој, меѓу другото, ќе се инкорпорираат податоците за сите средношколци од земјава, кога и со кој просек завршуваат. Тие побараа поддршка од претставниците за образование од општините при спроведувањето на оваа активност, со цел минимизирање на одредени негативни појави со кои се соочила Агенцијата во спроведувањето на постапките за вработување во државната администрација.

Në kuadër të Programit vjetor për trajnime të administratës komunale të Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së më 9 korrik të vitit 2013 u organizua trajnim me temë „Menaxhimi me procedurat dhe planifikimi kohor i veprimeve në arsim". Këtë trajnim e ndoqën anëtarët e Rrjetit për arsim në BNJVL, i cili i përfshin përfaqësuesit nga komunat kompetente për arsim dhe synon kah përforcimi i kapaciteteve të administratës komunale. Zgjedhja e temës doli nga kërkesat e këshilltarëve dhe inspektorëve nga komunat, të drejtuara te BNJVL-ja për dilemat akoma të pazgjidhura të cilat u përfshinë në tre kapituj në trajnimin: „Procedura për pajtueshmëri për financim të vjetër dhe të ri", „Procedura për pajtueshmëri për paralele me numër më të vogël nxënësish" dhe „Procedurë për realizimin e ekskursioneve shkollore". Trajnimi u mbajt nga këshilltarët e Ministrisë së arsimit dhe shkencës, Gjorgje Nikollov dhe Natasha Janevska, të cilët përveç prezantimit të këtyre procedurave ligjore, i'u përgjigjën të gjitha pyetjeve të parashtruara nga të pranishmit. Në trajnim morrën pjesë përfaqësues nga rreth pesëdhjetë komuna nga vendi, të cilët theksuan se kanë nevojë për takime më të shpeshta me përfaqësuesit e MASH-it me qëllim që të qartësohen të gjitha dilemat që dalin gjatë zbatimit të procedurave ligjore në fushën e arsimit. Në lidhje me temën për realizimin e ekskursioneve të nxënësve, u potencuan ndryshimet e konfirmuara në rregulloret për mënyrën e kryerjes së ekskursioneve të nxënësve dhe aktiviteteve tjera të lira të nxënësve nga shkollat fillore dhe të mesme. U theksua se nëse ka pajtueshmëri prej 30 % nga prindërit në shkollë, ekskursioni mund të kryhet, pastaj u theksua edhe ndryshimi i cili parasheh miratim të kodeksit të mirësjelljes gjatë ekskursioneve, të cilin e nënshkruajnë prindërit dhe nxënësit, ndërsa bëhet fjalë për kriteret në mbledhjen e ofertave për kryerës të ekskursionit, por edhe për afatin kohor për dërgimin e mendimit për programin e ekskursionit. Përfaqësuesit e Ministrisë së arsimit theksuan se duhet të jepen përpjekje maksimale në komunat që të mos krijohen teprica teknologjike artificiale në shkollat, me çrast potencuan edhe disa vërejtje teknike të cilat shkaktojnë zgjatje të procedurës të tërësishme. Bëhet fjalë edhe për formimin e paraleleve me numër më të vogël të nxënësve, për të cilat të pranishmit i shfaqën sfidat me të cilat ballafaqohen në këtë pjesë nga puna, ndërkaq u diskutua edhe për shpërndarjen e orëve për lëndët zgjedhore dhe aktivitetet projektuese dhe orët e lira në shkollat e mesme.

Në një pjesë të trajnimit përfaqësuesit nga Agjencia për nëpunës shtetërorë paten rastin t'i njohin të pranishmit për arsim me idenë për përgatitje të softuerit në të cilin, mes tjerash, do të futen të dhëna për të gjithë nxënësit e shkollave të mesme në vend se kur dhe me çfarë note mesatare kanë mbaruar arsimin. Ata kërkuan mbështetje nga përfaqësuesit për arsim nga komunat gjatë zbatimit të këtij aktiviteti me qëllim të zvogëlohen raste të caktuara negative me të cilat Agjencia është ballafaquar gjatë zbatimit të procedurave për punësim në administratën shtetërore.



*Одржана втора седница на Управниот одбор на ЗЕЛС* | *U mbajt seanca e dytë e Bordit Drejtues të BNJVL-së*




# ДИСКУСИЈА И ИНИЦИЈАТИВИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЛОКАЛНИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ

# DISKUTIM DHE INICIJATIVA PËR ZGJIDHJEN E SFIDAVE TË CAKTUARA NGA ZBATIMI I KOMPETENCAVE LOKALE



Управниот одбор на ЗЕЛС на 11 јули, 2013 година, во просториите на ЗЕЛС ја одржа втората седница. Присутните градоначалници на почетокот на седницата донесоа одлука со која го овластија претседателството на ЗЕЛС да го изврши изборот на тројцата претставници од ЗЕЛС во Комитетот за градежно земјиште во сопственост на Република Македонија. Точките од дневниот ред кои се однесуваа на избор на претставници од ЗЕЛС во делегацијата на Република Македонија во Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа, во Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската унија и во Генералното собрание на НАЛАС (Мрежа на асоцијации на локални власти во југоисточна Европа)

Bordi drejtues i BNJVL-së, më 11 qershor të vitit 2013, në hapësirat e BNJVL-së e mbajti seancën e dytë. Kryetarët e pranishëm në fillim të seancës sollën vendim me të cilin e autorizuan kryesinë e BNJVL-së t'a bëj zgjedhjen e tre përfaqësuesve të BNJVL-së në Komitetin për tokë ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë. Pikat e rendit ditor të cilat i dedikoheshin zgjedhjes së përfaqësuesve nga BNJVL-ja në delegacionin e Republikës së Maqedonisë në Kongresin e autoriteteve lokale dhe rajonale në Këshillin e Europës, në Komitetin e përbashkët konsultativ ndërmjet Republikës së Maqedonisë dhe Komitetin e Rajoneve në Bashkimin Europian dhe në Kuvendin Gjeneral të NALAS-it (Rrjeti i asociacioneve të autoriteteve lokale në Europën Juglindore) i anuluan për seancën e rradhës të Bordit Drejtues përshkak të nevojës për kon-







ги одложија за следната седница на Управниот одбор, заради потребата од дополнителни консултации. На дневниот ред беа предложени и нови точки за дискусија, меѓу кои, реафирмација на иницијативата за опфат на училиштата во тарифната категорија „домаќинства" при тарифирањето за снабдување со електрична енергија, информирање за процесот на електронско издавање на одобрение за градење, разгледување на прашањето за состојбата со легализација на бесправно изградените објекти кои се наоѓаат во заштитени подрачја и дискусија во однос на користење на средствата од ИПАРД програмата.

Присутните ги разгледаа иницијативите за зголемување на вредноста на данокот на имот на градежното неизградено земјиште и онаа за можноста за воведување на даночен инструмент за оданочување на деловните производствени капацитети во стопанството кои не се активни. Беше истакнато дека во значителен број на општини има големи површини, од кои дел се и во централното градско подрачје кои претставуваат градежни неизградени парцели, или неактивни стопански субјекти, кои го нарушуваат изгледот на урбаните средини. Се дискутираше за потребата од воведување на мерки, со цел елиминирање на ваквите слики и стимулирање на сопствениците за реактивирање на стопанските капацитети, или градба на овие површини. Притоа, беше истакнато дека е потребно најнапред да се направи компаративен преглед на примената на оваа мерка во земјите од регионот и анализата да се достави до Управниот одбор на ЗЕЛС за следна седница.

***Реактивирана иницијативата училиштата да се вратат во групата на тарифни потрошувачи- „домаќинства"***

Во согласност со Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на тарифни потрошувачи донесен од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на Законот за енергетика, во групата на тарифни потрошувачи „домаќинства" припаѓа и потрошувачка на електрична енергија во градинки, домови, потрошувачка во интернати за згрижување на деца, ученици, студенти, инвалиди, старци и пензионери и потрошувачка во училишни и народни кујни. Со Тарифникот, под категоријата „домаќинства" не се опфатени основните и средни училишта кои за потрошената електрична енергија се тарифираат под категорија „индустриски објекти" по цена која е неколку пати повисока. ЗЕЛС неодамна им го достави Тарифникот на сите општини, со цел започнување на адекватни постапки во градинките, каде наплатата на електрична енергија сè уште се врши по повисоката тарифа. Членовите на УО на ЗЕЛС на седницата побараа да се реактивира иницијативата на ЗЕЛС и го задолжија претседателот и двајцата потпретседатели на ЗЕЛС да остварат состанок со претставници од Регулаторната комисија, пред кои ќе го изнесат барањето за опфаќање на училиштата во тарифната група на „домаќинства" како потрошувачи на електрична енергија, како и измена на тарифникот за цената на топлинската енергија за изземање на училиштата од групата на потрошувачи кои плаќаат надомест по повисоки цени. Поради третирањето на училиштата како индистриски објекти, општините последните неколку години плаќаат огромни сметки и таложат големи долгови за потрошена електрична и топлинска енергија.

Во одредени општини се јавуваат проблеми околу реализацијата на електронската постапка за издавање на одобрение за

sultime shtesë. Në rendin ditor u propozuan edhe pika të reja për diskutim, mes cilave, riafirmimi i inicijativës për përfshirje të shkollave në kategorinë tarifore "amvisëri" gjatë tarifimit për pajisje me energji elektrike, informimi për proçesin e dhënies elektronike të lejes për ndërtim, shqyrtimi i çështjes për situatën me legalizimin e objekteve të ndërtuara pa leje të cilat gjenden në zona të mbrojtura dhe diskutim në lidhje me shfrytëzimin e mjeteve nga Programi IPARD. Të pranishmit i shqyrtuan inicijativat për zmadhim të vlerës së tatimit të pronës së tokës ndërtimore të pandërtuar dhe atë për mundësinë e futjes së instrumentit tatimor për tatimin e kapacitetetve afariste prodhuese në ekonominë që nuk janë aktive. U theksua se në një numër të konsiderueshëm të komunave ka sipërfaqe të mëdha nga të cilat pjesë janë edhe në zonën qendrore qytetare të cilat paraqesin parcela ndërtimore të pandërtuara ose subjekte afariste joaktive të cilat e dëmtojnë pamjen e zonave urbane. U diskutua për nevojën e futjes së masave me qëllim eliminimi i pamjeve të këtilla dhe nxitja e pronarëve për riaktivizimin e kapaciteteve afariste ose ndërtim në këto sipërfaqe. Më pas u theksua se është e nevojshme së pari të bëhet shqyrtim komparativ për shfrytëzimin e kësaj mase në vendet nga rajoni dhe analiza duhet të dërgohet deri te Bordi drejtues i BNJVL-së për seancën e ardhshme.

U riaktivizua inicijativa që shkollat të kthehen në grupin e konsumatorëve tarifor – "amvisëri"

***U riaktivizua inicijativa që shkollat të kthehen në grupin e konsumatorëve tarifor – "amvisëri"***

Në pajtim me Sistemin tarifor për shitje të energjisë elektrike për konsumatorët tariforë i sjellur nga Komisioni Rregullues për Energjetikë në Republikën e Maqedonisë, në bazë të Ligjit për Energjetikë, në grupin e konsumatorëve tarifor "amvisëri" merr pjesë edhe konsumimi i energjisë elektrike në çerdhe, shtëpi, konsumimi në konvikte për strehim të fëmijëve, nxënësve, studentëve, invalidëve, të moshuarve dhe pensionistëve dhe konsumimi në kuzhina shkollore dhe kombëtare. Me Tariforen, nën kategorinë "amvisëri" nuk janë të përfshira shkollat fillore dhe të mesme të cilat për energjinë e konsumuar elektrike tarifohen nën kategorinë "objekte industriale" me çmim disa herë më të lartë. BNJVL-ja para pak kohësh e dërgoi Tariforen te të gjitha komunat me qëllim të filloj me procedurat adekuate në çerdhet, ku pagesa e energjisë elektrike akoma kryhet sipas tarifës më të lartë. Anëtarët e BD të BNJVL-së në seancë kërkuan riaktivizim të inicijativës së BNJVL-së dhe e obliguan kryetarin dhe dy nënkryetarët e BNJVL-së të realizojnë takim me përfaqësuesit nga Komisioni Rregullues para të cilëve do t`a shfaqin kërkesën për përfshirje të shkollave në grupin tarifor të "amvisërive" si konsumatorë të energjisë elektrike si dhe ndryshim të tarifores për çmimin e energjisë ngrohëse për mospërfshirje të shkollave nga grupi i konsumatorëve të cilët paguajnë kompensim me çmime më të larta. Përshkak të trajtimit të shkollave si objekte industriale komunat në disa vite të fundit paguajnë çmime të mëdha dhe mbledhin borxhe të larta për konsumim të energjisë elektrike dhe ngrohëse.

Në pajtim me Sistemin tarifor për shitje të energjisë elektrike për konsumatorët tariforë i sjellur nga Komisioni Rregullues për Energjetikë në Republikën e Maqedonisë, në bazë të Ligjit për Energjetikë, në grupin e konsumatorëve tarifor "amvisëri" merr pjesë edhe konsumimi i energjisë elektrike në çerdhe, shtëpi, konsumimi në konvikte për strehim të fëmijëve, nxënësve, studentëve, invalidëve, të moshuarve dhe pensionistëve dhe konsumimi në kuzhina shkollore dhe kombëtare. Me







градба, од кои дел се од техничка природа, поради што беше договорено да се достави прашалник до сите општини за да се изјаснат за конкретните предизвици со кои се соочуваат при користењето на информативниот систем за е- одобрение за градба. Потоа ЗЕЛС, во соработка со Министерството за транспорт и врски и компанијата која го изработи софтверот, беше задолжен да организираат состанок со раководителите од сите општини на кои ќе бидат дискутирани проблемите со кои се соочуваат во оваа постапка. На состанокот беше предложено да се поканат претставници и од Комората на архитекти за да ги истакнат и прашањата со кои се соочуваат проектантите во постапката на подготвување на проектната документација.

***Бесправно изградените објекти на заштитените подрачја-предизвик во постапките за легализација во општините***

На втората седницата на УО беше изнесено дека поголем број општини се соочуваат со проблем при легализацијата на бесправно изградените објекти кои се наоѓаат во подрачја кои во согласност со законот имаат посебен правен статус на заштитени подрачја, подрачје во заштитен крајбрежен појас на природни и вештачки езера и речни корита, подрачје на заштитено недвижно културно наследство, подрачје на кое со урбанистичките планови е предвидена изградба на инфраструктурни објекти и водови, како и други објекти од јавен интерес утврдени со закон, објекти во заштитен појас на државни и локални патишта, односно во заштитен појас на железничка инфраструктура итн. Општините, според членот 18 од Законот се должни да обезбедат позитивно мислење, за да може да го издадат решението за легализација. Со оглед на фактот што бесправни објекти се изградени токму во заштитениот појас, но притоа досега нема податок колкав е нивниот број на територија на земјава, Управниот одбор ја задолжи стручната служба на ЗЕЛС да се обрати до сите општини во земјава, за да обезбеди информација за бројот на бесправно изградени објекти за кои е поднесено барање за легализација, а се наоѓаат во заштитени подрачја, со нивно соодветно издвојување во кој вид на заштитено подрачје истите се наоѓаат. По добиените резултати, оваа тема подетално ќе се разгледува на следната седница на УО, на која ќе може да се дискутира и за донесување на конкретни предлози.

Општините кои имаат седиште во урбана средина, но притоа имаат голем број на рурални подрачја на својата територија, изнесоа предлог за разгледување на можноста за промени во критериумите при конкурирање за одредени фондови кои се наменети за рурални средини. Беше побарано да се обезбеди таква можност, со цел да не остануваат неискористени средства од ваквите фондови, во случаи кога нема доволно апликации.

Постои дуализам при објавите на Агенцијата за развој на неразвиени подрачја и надлежните органи кои објавуваат повик за поднесување на апликации за ИПАРД програмата. Бодовите се утврдени на начин кој ги фаворизира општините кои имаат седиште во населено место. Стручната служба на ЗЕЛС беше задолжена да обезбеди информација за можностите за промена на критериумите за оценување на проектите, со што проектите кои се однесуваат на рурални населени места, а се поднесени од општини кои имаат седиште во град ќе се изедначат со општините кои имаат седиште во населено место.

Tariforen, nën kategorinë “amvisëri” nuk janë të përfshira shkollat fillore dhe të mesme të cilat për energjinë e konsumuar elektrike tarifohen nën kategorinë “objekte industriale” me çmim disa herë më të lartë. BNJVL-ja para pak kohësh e dërgoi Tariforen te të gjitha komunat me qëllim të filloj me procedurat adekuate në çerdhet, ku pagesa e energjisë elektrike akoma kryhet sipas tarifës më të lartë. Anëtarët e BD të BNJVL-së në seancë kërkuan riaktivizim të inicijativës së BNJVL-së dhe e obliguan kryetarin dhe dy nënkryetarët e BNJVL-së të realizojnë takim me përfaqësuesit nga Komisioni Rregullues para të cilëve do t`a shfaqin kërkesën për përfshirje të shkollave në grupin tarifor të “amvisërive” si konsumatorë të energjisë elektrike si dhe ndryshim të tarifores për çmimin e energjisë ngrohëse për mospërfshirje të shkollave nga grupi i konsumatorëve të cilët paguajnë kompensim me çmime më të larta. Përshkak të trajtimit të shkollave si objekte industriale komunat në disa vite të fundit paguajnë çmime të mëdha dhe mbledhin borxhe të larta për konsumim të energjisë elektrike dhe ngrohëse.

Në komuna të caktuara paraqiten probleme gjatë realizimit të procedurës elektronike për dhënien e lejes për ndërtim, pjesë e të cilave janë nga karakteri teknik me që u soll marrëveshje të dërgohet pyetësor te të gjitha komunat për t`i shfaqur sfidat konkrete me të cilat përballen gjatë shfrytëzimit të sistemit informatik për e – leje për ndërtim. Më pas, BNJVL-ja në bashkëpunim me Ministrinë e Transportit dhe Lidhjeve dhe me ndërmarrjen e cila e përpunon softuerin, ishte e obliguar të organizojë takim me udhëheqësit nga të gjitha komunat ku do të diskutohen çështjet me të cilat ballafaqohen gjatë kësaj procedure. Në takimin u propozua të ftohen edhe përfaqësues nga Oda e arkitektëve për t`i theksuar edhe çështjet me të cilat projektuesit ballafaqohen gjatë përgatitjes së dokumentacionit projektues.

Komunat të cilat kanë seli në mjedis urban, mirëpo kanë numër të madh të zonave rurale në teritorin e tyre, dhanë propozim për shqyr-

***Objektet e ndërtuara pa leje në zona të mbrojtura – sfidë në procedurat për legalizim në komunat***

Në seancën e dytë të BD-së u potencua se një numër i madh komunash ballafaqohen me problem gjatë legalizimit të objekteve të ndërtuara pa leje të cilat gjenden në zona që në pajtim me Ligj kanë status të veçantë juridik të rajoneve të mbrojtura, rajon në vijë bregdetare të mbrojtur të liqeneve natyrore dhe artificiale dhe rrjedhave lumore, rajon në vijë të mbrojtur të trashëgimisë kulturore të patundshme, rajon në të cilin me planet urbanistike është i paraparë ndërtimi i objekteve infrastrukturore ose ujërave, si dhe objekte të tjera me interes publik të konfirmuara me ligj, objekte në vijë të mbrojtur të rrugëve lokale dhe shtetërore, gjegjësisht në vijë të mbrojtur të infrastrukturës hekurudhore etj. Komunat në përputhje me nenin 18 nga Ligji janë të obliguara të sigurojnë mendim pozitiv që t`a japin vendimin për legalizim. Duke patur parasysh që objektet pa leje janë të ndërtuara pikërisht në vijë të mbrojtur, mirëpo deri tani nuk ka patur të dhëna se sa është numri i tyre në teritorin e vendit, Bordi drejtues e obligoi shërbimin profesional të BNJVL-së t`u drejtohet të gjitha komunave në vend për të siguruar informata për numrin e objekteve të ndërtuara pa leje për të cilat është parashtruar kërkesë për legalizim, ndërsa të cilat gjenden në rajone të mbrojtura duke i veçuar përkatësisht se në cilin lloj të rajonit të mbrojtur të njejtat gjenden. Pas rezultateve të fituara, kjo temë më hollësisht do të shqyrtohet në seancën e ardhshme të BD-së në të cilën do mund të diskutohet edhe për sjelljen e propozimeve konkrete.



Присутните членови на втората седница на УО, под точка разно, отворија дискусија за повеќе актуелни теми. Беше покренато прашањето за разгледување на можноста за воведување на општински правобранител, како што тоа во минатиот период го имале општините, поради неможноста интересите на општината да ги застапува државниот правобранител. Беше договорено да се разгледаат сите опции, со цел конструктивно предлагање на можни решенија на следната седница на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Во рамките на ЗЕЛС е формиран ЗЕЛС тренинг центар, кој располага со модерно опремени простории за одржување на обуки и состаноци. Досега овие простории се користеа за обуки во организација на ЗЕЛС, но Управниот одбор на оваа седница изгласа Тарифник, во кој се утврдени цените и временскиот период на изнајмување на овие простории на други заинтересирани организации. Ова претставува дел од стратегиските цели на ЗЕЛС за обезбедување на самоодржливост на Заедницата.

На седницата беше иницирано и разгледување за организирањето на Саем на општините, „ ЗЕЛС ЕКСПО" - традиционална манифестација што ЗЕЛС ја реализира на секои две години. Беше истакнато дека е потребно нејзино навремено осмислување во правец на промовирање на општините, како поволни дестинации за инвестирање во нив. За таа цел Управниот одбор предложи формирање на посебна комисија, која ќе се посвети на подигнување на нивото на оваа манифестација. Одговорноста за членови во ова тело им беше доверена на градоначалниците на општините Прилеп, Охрид, Велес, Илинден, Кичево, Кочани и Студеничани.

На оваа седница беше побарано да се разгледа и прашањето за реафирмација на барањето на училиштата повторно да им се дадат одредени количини на нафта од стоковите резерви за грејната сезона, бидејќи голем број општини сè уште имаат долгови од претходните години, стекнати токму по овој основ. Беше предложено поради сериозноста на овој проблем, да му се посвети поголемо внимание на ова прашање на друга седница, кога би требало да се разгледуваат и повеќе можности за негово дефинитивно надминување.

На седницата беа изнесени и одредени сознанија за иницирање на одредени мерки од страна на централната власт за законски измени во однос на вршењето на надлежностите на надзорот во градежништвото. Беше посочено дека треба попрецизно да се осознаат овие иницијативи, со цел донесување на адекватни ставови од страна на Управниот одбор за ова прашање. На оваа седница беше посочено и барањето Управниот одбор на ЗЕЛС, повторно да го реактивира барањето за добивање на процент за општините од концесиите за земјоделско земјиште, како и барањето општините да управуваат со земјоделското земјиште, пасиштата и шумите.

tim të mundësisë për ndryshime në kriteret gjatë konkurrimit për fonde të caktuara që u dedikohen zonave rurale. U kërkua që të sigurohet një mundësi e tillë me qëllim të mos ngelin mjete të papërdorura nga këto fonde, në raste kur nuk ka aplikacione të nevojshme. Ekziston dualizëm gjatë shpalljeve të Agjencionit për zhvillim të zonave të pazhvilluara dhe organet kompetente të cilat shpallin thirrje për parashtrim të aplikacioneve për Programin IPARD. Poenat janë të rregulluara në mënyrë që i favorizon komunat me seli në vendbanim. Shërbimi profesional i BNJVL-së ishte i obliguar të sigurojë informacion për mundësitë për ndryshim të kritereve për vlerësim të projekteve me ç'rast projektet të cilat i dedikohen vendbanimeve rurale ndërsa janë të parashtruara nga komuna me seli në qytet të barazohen me komunat që kanë seli në vendbanim.

Anëtarët e pranishëm në seancën e dytë të BD-së, nën pikën të ndryshme, hapën diskutim për më shumë tema aktuale. U ngrit çështja për shqyrtim të mundësisë për sjelljen e avokatit komunal, siç e kanë patur komunat edhe në periudhën e kaluar, përshkak të pamundësisë interesat e komunës t'i përfaqësoj avokati shtetëror. U soll marrëveshje që të shqyrtohen të gjitha opcionet me qëllim që në mënyrë konstruktive të propozohen vendimet e mundshme në seancën e ardhshme të Bordit drejtues të BNJVL-së. Në kuadër të BNJVL-së u themelua BNJVL Qendra e Trajnimeve e cila disponon me hapësira të pajisura bashkëkohore për mbajtje të trajnimeve dhe mbledhjeve. Deri më tani, këto hapësira shfrytëzoheshin për trajnime të organizuara nga BNJVL-ja, mirëpo Bordi drejtues në këtë seancë e votoi Tariforen në të cilën u konfirmuan çmimet dhe periudhën kohore për shfrytëzimin e këtyre hapësirave për organizata tjera të interesuara. Kjo paraqet pjesë të qëllimeve strategjike të BNJVL-së për sigurim të pavarësisë financiare të Bashkësisë.

Në seancën u inicua edhe shqyrtim i organizimit të Panairit të Komunave „BNJVL EKSPO" – eveniment tradicional që BNJVL-ja e organizon çdo dy vjet. U theksua se është e nevojshme që në kohë të organizohet ky aktivitet në drejtim të promovimit të komunave si destinacione të favorshme për investim në to. Për këtë qëllim, Bordi drejtues propozoi formim të një komisioni të posaçëm ku do të kushtohet rëndësi në ngritjen e nivelit të këtij evenimenti. Përgjegjësia për anëtarë në këtë trup i'u dha kryetarëve të komunave: Prilep, Ohër, Veles, Ilinden, Kërçovë, Koçanë dhe Studeniçan. Në këtë seancë u kërkua të shqyrtohet edhe çështja rreth riafirmimit të kërkesës së shkollave që përsëri të fitojnë sasi të caktuara të naftës nga rezervat e mallrave për sezonin e ngrohjes sepse numër i madh komunash ende kanë borxhe nga vitet e mëparshme, të bëra pikërisht sipas kësaj baze. Përshkak të seriozitetit të këtij problemi, u propozua që t'i kushtohet vëmendje më të madhe kësaj çështjeje në seancë tjetër, kur do duhet të shqyrtohen edhe më shumë mundësi për tejkalim të saj definitiv. Në seancën u potencuan edhe njohuri të caktuara për inicimin e masave të caktuara nga ana e pushtetit lokal për ndryshimet ligjore në lidhje me kryerjen e kompetencave në inpektim në ndërtimtari. U theksua se duhet në mënyrë më precize të shqyrtohen këto inicijativa me qëllim të sillen qëndrime adekuate nga ana e Bordit drejtues për këtë çështje. Në këtë seancë, u theksua edhe kërkesa që Bordi drejtues i BNJVL-së përsëri t'a riaktivizojë kërkesën për fitim të përqindjes për komunat nga koncesionet për tokë bujqësore, si dhe kërkesën që komunat të menaxhojnë me tokën bujqësore, kullotat dhe pyjet.



# ТРАЈАНОВСКИ И САРАЌИНИ ГО НАЈАВИЈА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКИ И ЗЕЛЕНИ ЗОНИ

Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски, на 11 јули, 2013 година, во просториите на административната зграда на ЗЕЛС, го пречека министерот за економија, Ваљон Сараќини. На оваа средба, министерот го запозна претседателот на ЗЕЛС со предложените одредби во предлог- закон за индустриски и зелени зони, што ќе влезе во собраниска процедура и се очекува да биде наскоро донесен. Со овој предлог-закон се предвидува формирање на индустриски и зелени зони во единиците на локалната самоуправа, со цел забрзување на економскиот развој на општината преку привлекување на странски и домашен капитал. На средбата и двајцата претставници изразија задоволство од досегашната заедничка соработка, по што дадоа изјави пред присутните медиуми.

-„Со овој предлог-закон се овозможува една нова, посуштествена форма на балансирање на развојот на економијата, индустријата и заштитата на животната средина. Всушност, создавањето на зелени зони подразбира зони каде има низок степен на загадување, во кои ќе се применуваат напредни технологии кои штедат енергија и ги минимизираат негативните ефекти врз животната средина. Дејности кои може да се вршат во зелените зони се: лесна и незагадувачка индустрија во која влегуваат сите видови производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни материи, а такви се: производството на органска храна, производството на електрична енергија од обновливи извори и производството на база на рециклирање“, истакна Трајановски пред новинарите.

Министерот Сараќини апелираше до градоначалниците веднаш да започнат со процедурата за формирање на индустриски зелени зони, сами или, пак, здружени со некоја соседна општина и да формираат јавни претпријатија, кои ќе ги изградат зоните, ќе ги одржуваат, ќе управуваат со нив и ќе им ги понудат на потенцијалните домашни или странски инвеститори. -„Бенифитите за инвеститорите се големи, не само при откупот или закупот на градежното земјиште во овие зони, туку ќе им се овозможи изградба на објекти на подрачје каде има обезбедена комунална инфраструктура, со непречен пристап до зоната, поставена водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација што ќе ги обезбеди основачот на зоната, општината или Владата на Република Македонија“, рече Сараќини.



Претседателот на ЗЕЛС, посочи дека со овој закон се создаваат услови за нови инвестиции и можности за отворање на нови работни места, но истовремено се обезбедува поголема заштита на животната средина, што претставува и еден од приоритетите на целокупната светка економија.

„Инвеститорите ќе добијат можност за инвестиции во нови области, каде на транспарентен начин, преку електронска аукција, може да си обезбедат земјиште кое е опремено со целата потребна инфраструктура, рече Трајановски. Тој потсети дека од 1 јуни, оваа година, постапката за добивање на дозвола за градба се врши единствено по електронски пат, за што општините и сите останати инволвирани страни во оваа постапка добија адекватна обука, организирана од страна ЗЕЛС. – „Хардверите и софтверите за електронска аукција за купување или издавање под закуп на градежното неизградено земјиште и за водење на електронска постапка за издавање на одобрение за градба, се сопственост на ЗЕЛС, се наоѓаат во просториите на ЗЕЛС и се одржуваат од страна на ЗЕЛС“, рече Трајановски, при што нагласи дека ЗЕЛС и при реализирањето на овој Закон, на своите членки ќе им даде максимална поддршка, токму преку реализирањето на овие постапки“. Трајановски потенцира дека е зголемена транспарентноста во водењето на постапките за продажба на земјиштето и издавањето на дозволи за градба, зајакнати се капацитетите на вработените во одделенијата за локален економски развој во општините, а веќе нема општина, која не изработила стратегија за локален економски развој, а голем е бројот на општините што имаат локален еколошки акционен план. Голем број општини имаат донесено урбанистичко-планска документација за изградба на економски зони и реализирале потребни инфраструктурни зафати. Сето тоа ,во голем процент, влијае за создавање на посилни локални власти и напредок на децентрализацијата во земјата.

# TRAJANOVSKI DHE SARAQINI E PARALAJMËRUAN PROPOZIM - LIGJIN PËR ZONA INDUSTRIALE DHE TË GJELBËRTA

Kryetari i BNJVL-së, Koce Trajanovski, më 11 korrik të vitit 2013 në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së e priti ministrin e ekonomisë, Valon Saraqini. Në këtë takim ministri e njohu kryetarin e BNJVL-së me dispozitat e propozuara në propozim-ligjin për zona industriale dhe të gjelbërta, i cili do të hyjë në procedurë kuvendore dhe pritet të sillet së shpejti. Me këtë propozim-ligj parashikohet formimi i zonave industriale dhe të gjelbërta në njësitë e vetëqeverisjes lokale, me qëllim përshpejtimi të zhvillimit ekonomik të komunave nëpërmjet tërheqjes së kapitalit vendor dhe të huaj. Në takimin të dy përfaqësuesit shprehën kënaqësi nga bashkëpunimi i deritanishëm i ndërsjellë edhe dhanë deklarata para mediave të pranishme.

-„Me këtë propozim-ligj mundësohet një formë e re më thelbësore në balancimin e zhvillimit të ekonomisë, industrisë dhe mbrojtjes së mjedisit jetësor. Në fakt, ndërtimi i zonave të gjelbërta nënkupton zona ku ka një nivel të ulët të ndotjes, në të cilat do të përdoren teknologji të avancuara të cilat kursejnë energji dhe i minimizojnë efektet negative mbi mjedisin jetësor. Veprimtaritë të cilat mund të realizohen në zonat e gjelbërta janë : industri e lehtë dhe jondotëse në të cilën hyjnë të gjitha llojet e prodhimit të cilat nuk kanë nevojë për shumë energji, nuk krijojnë furnizim të madh të lëndëve të para, materiale dhe trafik dhe nuk prodhojnë materie të dëmshme dhe të këtilla janë: prodhimi i ushqimit organik, prodhimi i energjisë elektrike nga burime të rinovueshme dhe prodhim i bazës së riciklimit, theksoi Trajanovski para gazetarëve.

Ministri Saraqini i thirri kryetarët menjëherë të fillojnë me procedurën për formimin e zonave industriale dhe të gjelbërta, vetë ose të bashkuar me ndonjë komunë fqinje dhe të formojnë ndërmarrje publike, të cilat do t'i ndërtojnë zonat, do t'i mirëmbajnë, do udhëheqin me to dhe do t'ia ofrojnë investuesve potencialë vendas ose të huaj. -„Përfitimet për investuesit janë të mëdhaja jo vetëm në blerjen ose dhënien me qira të tokës ndërtimore në këto zona por i mundësohet ndërtimi i objekteve në zonën ku është siguruar infrastruktura komunale, me qasje të papenguar të zonës, kanalizim të ujit, fekal, atmosferik të vendosur dhe instalim tjetër të cilat do t'i sigurojë themeluesi i zonës, komuna ose Qeveria e Republikës së Maqedonisë" tha Saraqini.

Kryetari i BNJVL-së theksoi se me këtë ligj krijohen kushte për investime të reja dhe mundësi për vende të reja pune por njëkohësisht sigurohet mbrojtje më të madhe të mjedisit jetësor që paraqet një nga prioritetet të ekonomisë së plotë botërore.

- „Investuesit do të fitojnë mundësi për investime në fusha të reja, ku në mënyrë transparente nëpërmjet auksionit elektronik mund të sigurojnë tokë e cila është e pajisur me infrastrukturën e plotë të duhur, tha Trajanovski. Ai kujtoi se nga 1 qershori këtë vit procedura për marrjen e lejes për ndërtim zbatohet vetëm në mënyrë elektronike, për të cilën komunat dhe të gjitha anët e tjera të përfshira në këtë procedurë fituan trajnim adekuat të organizuar nga ana e BNJVL-së. - „Harduerat dhe softuerat për auksion elektronik për blerje ose dhënie me qira të tokës ndërtimore të pandërtuar dhe udhëheqja e procedurës elektronike për dhënien e lejeve për ndërtim, janë në pronësi të BNJVL-së, gjenden në hapësirat e BNJVL-së dhe mirëmbahen nga ana e BNJVL-së" tha Trajanovski dhe theksoi se BNJVL-ja edhe në zbatimin e këtij Ligji, anëtareve të saj do t'i japë përkrahje maksimale, pikërisht nëpërmjet realizimit të këtyre procedurave. „Trajanovski theksoi se është zmadhuar transparenca në udhëheqjen e procedurave për shitjen e tokës dhe dhënien e lejeve për ndërtim, janë të fuqizuara kapacitetet e të punësuarve në departamentet për zhvillim ekonomik lokal në komuna, dhe tashmë nuk ka komunë, e cila nuk ka hartuar strategji për zvillim ekonomik lokal por është i madh numri i komunave të cilat kanë Plan lokal ekologjik akcional. Një numër i madh i komunave kanë sjellë dokumentacion urbanistik-planifikues për ndërtimin e zonave ekonomike dhe kanë realizuar punë të nevojshme infrastrukturore. E gjitha kjo me një përqindje të madhe ndikon në ndërtimin e autoriteteve lokale më të fuqishme dhe përparimin e decentralizimit në vend.

# ИНИЦИРАНА ВЗАЕМНА СОРАБОТКА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ДИВИТЕ ПАЗАРЏИИ

Како резултат на континуираното зголемување на бројот на дивите пазарџии, Групацијата на пазари при Стопанската комора на Македонија иницираше состанок на оваа тема. На состанокот беа поканети да учествуваат и претставници од ЗЕЛС, Министерството за економија, како и претставници од Државниот пазарен инспекторат. На состанокот беше истакнато дека во отсуство на дефинирана законска рамка и некоординирана активност на инспекциите и на другите надлежни институции во државата, закупците на тезги кои редовно плаќаат закуп и се оданочени со паушален персонален данок се револтираат и ги откажуваат тезгите. За сметка на тоа излегуваат надвор и стануваат нелегални (диви) пазарџии, а во некои градови сè позачестени се и диви пазари на стара стока, за која немаат дозвола за работа. Беше посочен и проблемот со продажба од камиони на сезонски зеленчук и овошје, при што беше изнесен предлог во насока на размислување за отворање на посебни простори, каде овие продавачи во текот на летниот период би го продавале својот род. Од државниот пазарен инспекторат беше истакнато дека сами не се во можност целосно да ги решат овие сериозни проблеми и побараа поддршка од локалната самоуправа. Беше потенцирана потребата од поголема координација на сите надлежни државни институции, како и од локалната власт, со цел постигнување на поголем ефект. Посебно беше истакната потребата за што побрзо донесување на Законот за трговија на зелени пазари за да се регулира работењето на закупците на тезги внатре во пазарите, но и да се дефинираат обврските на надлежните институции за справување со нелегалната продажба околу пазарите, а со тоа и намалување на „сивата" економија.

Претставниците на ЗЕЛС на состанокот, понудија можност да организираат заедничка тематска работилница на која би ги поканиле сите релевантни субјекти инволвирани во овој проблем и претставници од локалната власт, каде преку заедничка дискусија би се понудиле взаемно прифатливи решенија, што потоа можат да се преточат во иницијативи за нивно законско регулирање.

На крајот беше заклучено дека сите наведени проблеми на состанокот ќе бидат таксативно наведени и како такви ќе бидат доставени до Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат, Државниот комунален инспекторат, ЗЕЛС, МВР, Агенцијата за храна, Управата за јавни приходи, со барање за планирани и координирани активности за намалување на проблемите во оваа област, а дејноста на пазарите да се издигне на повисоко ниво и да се вложи во нејзина модернизација во насока на следење на европските текови.



## СОВЕТУВАЊЕ ЗА ПРИМЕНА НА ПРОПИСИТЕ ЗА КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗЕЛС

„Примена на прописите за канцелариско работење", беше темата на советувањето што на 11 јули, 2013 година, се одржа во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот. Ова советување го организираше ЗЕЛС, за одговорните лица за водење на писарниците во општините. Како резултат на добрата заедничка соработка, ЗЕЛС на ова советување покани претставници од Државниот управен инспекторат, кои пред присутните говореа за подзаконските акти кои ја регулираат областа на водење на писарниците во општините, при што интерактивно се разви дискусија за Уредбата за канцелариско и архивско работење, Упатството за начинот и техниката на постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивското работење, како и за Уписникот за претставки и предлози. Оваа тема предизвика голем интерес кај претставниците од општините и на советувањето учествуваа повеќе од 60 претставници од локалните власти, кои ги изнесоа предизвиците со кои се соочуваат во своето работење при имплементирањето на овие законските прописи. Тие изразија задоволство од претставниците од Државниот управен инспекторат, кои многу конкретно и експлицитно одговараа на сите поставени прашања од присутните.

Ова советување, на тема „Примена на прописите за канцелариско работење" беше предвидено во Годишната програма за обуки на општинската администрација на ЗЕЛС тренинг центарот, со цел овозможување на унапредување на капацитетите на вработените лица во општините.

## KËSHILLIM PËR ZBATIMIN E RREGULLAVE PËR PUNËN NË ZYRË, NË ORGANIZIM TË BNJVL-SË

„Zbatimi i rregullave për punën në zyrë" ishte tema e këshillimit i cili më 11 korrik të vitit 2013 u mbajt në hapësirat e Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së. Ky këshillim u organizua nga BNJVL-ja për personat përgjegjës për mbajtjen e shkrimoreve në komuna. Si rezultat i bashkëpunimit të mirë të ndërsjellë, BNJVL-ja në këtë këshillim ftoi përfaqësues nga Inspektorati Shtetëror Administrativ, të cilët para të pranishmëve folën për aktet nënligjore të cilat e rregullojnë fushën e mbajtjes së shkrimoreve në komuna, me ç'rast u zhvillua diskutim interaktiv për Rregulloren e punës arkivore dhe në zyrë, Udhëzuesin për mënyrën dhe teknikën e veprimit me materialin e dokumentuar dhe pajisjet arkivore në punën arkivore dhe në zyrë si dhe për Regjistrin e ankesave dhe sugjerimeve. Kjo temë shkaktoi interes të madh te përfaqësuesit e komunav. Në këshillim morrën pjesë më shumë se 60 përfaqësues nga autoritetet lokale të cilët shprehën sfidat me të cilat ballafaqohen në punën e tyre gjatë implementimit të këtyre rregullave ligjore. Ata shprehën kënaqësi nga përfaqësuesit e Inspektoratit Shtetëror Adminstrativ të cilët në mënyrë konkrete dhe eksplicite i përgjigjeshin të gjitha pyetjeve të drejtuara nga të pranishmit.

Ky këshillim me temë „Zbatimi i rregullave për punën në zyrë" është parashikuar me Programin vjetor për trajnime të administratës komunale e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së, me qëllim sigurim të përparimit të kapaciteteve të personave të punësuar në komuna.

## BASHKËPUNIM I NDËRSJELLË, I INICUAR PËR ZGJIDHJEN E PROBLEMIT TË TREGTARËVE TË PAREGJISTRUAR

Si rezultat i zmadhimit të vazhdueshëm të numrit të tregtarëve të paregjistruar, Grupimi i tregjeve në Odën ekonomike të Maqedonisë inicoi takim në këtë temë. Në takim ishin ftuar të marrin pjesë edhe përfaqësues të BNJVL-së, Ministria e ekonomisë si dhe përfaqësues nga Inspektorati shtetëror i tregut. Në takim u theksua se mungesa e korrnizës së definuar ligjore dhe aktiviteti jo i koordinuar i inspekcioneve dhe i institucioneve të tjera kompetente në shtet, qiramarrësit e tezgave të cilat e paguajnë rregullisht qiranë dhe janë të tatimuar me tatim personal paushall, revoltohen dhe i dorëzojnë tezgat. Si rezultat ato dalin jashtë dhe bëhen tregtarë ilegalë (të paregjistruar), por në disa qytete janë më të shpeshta edhe tregjet e paregjistruara të mallrave të vjetra, për të cilën nuk kanë leje për punë. U theksua edhe problemi me shitjen e frutave dhe perimeve sezonale nga kamione ku u shpreh propozim në drejtim të mendimit për hapjen e hapësirave të veçanta, ku këto tregtarë gjatë periudhës verore mund t'i shesin prodhimet e tyre. Nga Inspektorati shtetëror i tregut u theksua se vetë ata nuk kanë mundësi t'i zgjedhin këto probleme serioze plotësisht dhe kërkuan përkrahje nga vetëqeverisja lokale. U theksua nevoja për koordinim më të madh të të gjitha institucioneve kompetente shtetërore si dhe nga pushteti lokal me qëllim që të arrihet efekt më i madh. Veçanërisht u theksua nevoja për sjelljen sa më të shpejtë të Ligjit për tregti të tregjeve të gjelbërta që të rregullohet puna e qiramarrësve të tezgave brenda në tregjet por edhe të definohen përgjegjësitë e institucioneve kompetente t'i dalin mbanë shitjes ilegale rreth tregjeve dhe me këtë të bëhet zvogëlim i ekonomisë së „zezë".

Përfaqësuesit e BNJVL-së në takimin propozuan mundësi të organizojnë bashkarisht një punëtori tematike në të cilën do t'i ftojnë të gjitha subjektet relevante të përfshirë në këtë problem dhe përfaqësues nga pushteti lokal, ku nëpërmjet diskutimit të përbashkët do të propozohen zgjidhje të pranueshme, që më pas mund të shndërrohen në inicijativa për rregullimin e tyre ligjor.

Në fund u konkluduа se të gjitha problemet e përmendura në takimin do të specifikohen në mënyrë taksative dhe si të tilla do të dërgohen deri te Ministria e ekonomisë, Inspektorati shtetëror i tregut, Inspektorati shtetëror komunal, BNJVL, MPB, Agjencia për ushqim, Drejtoria për të hyra publike, me kërkesë për aktivitete të planifikuara dhe të koordinuara për zvogëlimin e problemeve në këtë fushë, dhe veprimatria e tregjeve të ngjitet në nivel më të lartë dhe të kontribohet për modernizimin e saj në drejtim të ndjekjes së standardeve europiane.



# DELEGACION NGA REPUBLIKA POPULLORE E KINËS E VIZITOI BNJVL-NË

# ДЕЛЕГАЦИЈА ОД НР КИНА ВО ПОСЕТА НА ЗЕЛС

Кинеска делегација, составена од претставници од градот Ченг Ду, главен град на покраината Сечуан, од НР Кина и претставници од кинеската амбасада во Република Македонија, го посети ЗЕЛС на осми јули, 2013 година. Целта на оваа посета беше понепосредно запознавање со надлежностите на локалните власти во нашата земја и со можностите за заедничка соработка и размена на искуства меѓу градовите и областите од двете земји. Кинеската делегација беше предводена од Сун Зингуан, претседател на Постојаниот комитет на Шинјин, област во рамките на Ченг Ду, кој изрази задоволство од отвореноста на ЗЕЛС за соработка и покажа интерес за активностите на ЗЕЛС, како асоцијација на сите локални власти од Република Македонија и за отворањето на можностите за збратимување на општините од двете земји.

За надлежностите на локалните власти во нашата земја, особено во делот на локалниот економски развој, како и за активностите што ги реализира ЗЕЛС, како поддршка на своите членки во оваа област, пред присутните говореше Душица Перишиќ, извршен директор на ЗЕЛС. Особен интерес, кинеската делегација покажа за поддршката што ЗЕЛС им ја дава на општините за обезбедување на електронски услуги за граѓаните, како и за придонесот што го дава во развивањето на ефективна и ефикасна општинска администрација, со организирање на адекватни обуки, преку ЗЕЛС тренинг центарот. Членовите на делегацијата беа заинтересирани и за активностите на нашите општини на полето на развојот на локалната економија и можностите за соработка на ова поле.

Ченг Ду е главен град на покраината Сечуан, НР Кина, со 14 милиони жители. Се вбројува меѓу десетте градови во Кина, со најдобри услови за живеење, каде во подем е изградбата на објекти и инфраструктура, каде се дава големо значење на обезбедувањето на одлични патни конекции со приморскиот дел на Кина и развивањето на воздушниот сообраќај со многу држави во светот. Тоа придонело за зголемено инвестирање на голем број странски фирми за висока технологија во овој град.. Директните странски инвестиции достигнуваат 2 милијарди евра, и се во континуиран пораст од 28,5% годишно. Ченг Ду е познат и како дом на пандите, но и по сечуанската кујна, која се смета за една од најдобрите во Кина и Азија, а УНЕСКО овој град го прогласи за град на гастрономијата, во 2010 година.

Delegacion kinez i përbërë nga përfaqësues nga Qyteti Chengdu, kryeqytet i krahinës Sichuan, nga Republika Popullore e Kinës dhe përfaqësues nga Ambasada Kineze në Republikën e Maqedonisë më 8 korrik të vitit 2013 vizitoi BNJVL-në. Qëllimi i kësaj vizite ishte njohja e drejtpërdrejtë me kompetencat e autoriteteve lokale në vendin tonë dhe me mundësitë për bashkëpunim të përbashkët dhe shkëmbim të përvojave ndërmjet qyteteve dhe rajoneve nga të dy shtetet. Delegacioni Kinez udhëhiqej nga Sun Yinguan, kryetar i Komitetit të përhershëm në Xinjin, zonë në kuadër të Chengdut, i cili shprehi kënaqësi nga përgatitja e BNJVL-së për bashkëpunim dhe shfaqën interes për aktivitetet e BNJVL-së, si asociacion i të gjitha autoriteteve lokale në Republikën e Maqedonisë dhe për hapjen e mundësive për vëllazërim të komunave nga të dy shtetet.

Për kompetencat e autoriteteve lokale në vendin tonë, veçanërisht në pjesën e zhvillimit ekonomik lokal, si dhe rreth aktiviteteve të cilat BNJVL-ja i realizoi, si përkrahje për anëtaret e saja në këtë fushë, foli Dushica Perishiq, Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së. Delegacioni kinez shfaqi interes të posaçëm për përkrahjen që BNJVL-ja ua ofron komunave për sigurim të shërbimeve elektronike për qytetarët, si dhe për kontributin që ua jep në zhvillimin e administratës komunale efektive dhe efikase, me organizimin e trajnimeve adekuate, përmes Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së. Anëtarët e delegacionit ishin të interesuar edhe për aktivitetet e komunave tona në fushën e zhvillimit të ekonomisë lokale dhe mundësitë për bashkëpunim në këtë fushë.

Chengdu është kryeqytet i rajonit Sichuan të Republikës Popullore të Kinës me 14 milion banorë. Numërohet ndër dhjetë qytetet në Kinë me kushte më të mira për jetesë, ku në zhvillim është ndërtimi i objekteve dhe infrastrukturës ku domethënie e madhe jepet në sigurimin e lidhjeve të shkëlqyera rrugore me pjesën bregdetare të Kinës dhe zhvillimin e trafikut ajror me shumë shtete në botë. Kjo ka kontribuar në investim të zmadhuar të një numri të madh ndërmarrjesh të huaja për teknologji të lartë në këtë qytet. Investimet e huaja direkte arrijnë deri në 2 miliardë euro dhe vazhdimisht rriten për 28,5% në vit. Chengdu është gjithashtu i njohur si shtëpia e pandave, si dhe pas kuzhinës sichuane, e cila konsiderohet si një nga më të mirat në Kinë dhe Azi, ndërsa UNESCO e shpall për qytet të gastronomisë në vitin 2010.






# ПРОДОЛЖИЈА ОБУКИТЕ ЗА ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И ВМРЕЖУВАЊЕ НА НОВОИЗБРАНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМЗ

По четири претставници од комитетите за односи меѓу заедниците (КОМЗ) од општините: Сопиште, Зелениково, Бутел, Студеничани и Боговиње, кои беа придружувани од претставници на организациите: Сумнал, Женска акција и АДОРА, од трети до петти јули, 2013 година, во хотелот „Дрим“, во Струга, проследија обука, предвидена во рамките на проектот „Подобрување на вклученоста на немнозинските заедници на локално ниво преку Комисиите за односи меѓу заедниците“ (БОНА МЕНТЕ) што го спроведува Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија –ЗЕЛС во партнерство со здружението „Институт за развој на заедницата“ –ИРЗ. Ова е третата обука, од предвидените пет обуки за градење на капацитетите и вмрежување на новоизбраните членови на Комисиите за односи меѓу заедниците. На оваа обука, присутните ги поздрави и извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, која освен за реализацијата на проектот, говореше и за организационата поставеност и активностите на Заедницата, во поддршката на локалните власти во земјава.

Првата обука се одржа од 25 до 27 јуни 2013 година и со неа беа опфатени членовите на новите комисии за односи меѓу заедниците од општините: Јегуновце, Дебар, Чашка, Теарце и Гостивар, поранешните претседатели на комисиите, претставниците на придружните организации - Центар за едукација и развој од Теарце и Здружението за развој и активизам - АКВА од Струга. Втората обука се одржа од 28 до 30 јуни 2013 година и на неа присуствуваа членови на КОМЗ од општините: Куманово, Чаир, Чучер Сандево, Лозово, Конче и Старо Нагоричане, поранешните претседатели на КОМЗ од претходниот мандат, лицата од општинските администрации задолжени за административна поддршка на работата на КОМЗ и претставник на придружната организација „Фондација за развој на локалната заедница“, од Штип.

Целта на циклусот обуки е да се обезбеди континуитет во работата на новите општински комисии за односи меѓу заедниците преку градење на капацитетите на новоизбраните членови на КОМЗ и вмрежување во рамките на самите комисии,

# VAZHDUAN TRAJNIMET PËR NDËRTIMIN E KAPACITETEVE DHE RRJETËZIMIN E ANËTARËVE TË SAPOZGJEDHUR TË KMNB-SË

Nga katër përfaqësues nga komitetet për marrëdhënie ndërmjet bashkësive (KMNB) të komunave: Sopishtë, Zelenikovë, Butel, Studeniçan dhe Bogovinë, të cilët ishin të shoqëruar nga përfaqësues të organizatave: Sumnal, Akcioni i grave dhe ANDORA, nga 3 deri më 5 korrik të vitit 2013 në hotelin „Drim“ të Strugës, ndoqën trajnim, i paraparë në kuadër të Projektit „Përmirësimi i përfshirjes së bashkësive joshumicë në nivel lokal nëpërmjet Komisioneve për marrëdhënie ndërmjet bashkësive“ (BONA MENTE) të cilin e realizon Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë-BNJVL në partneritet me Lidhjen „Instituti për zhvillim të bashkësisë“-IZHB. Ky është trajnimi i tretë, nga pesë trajnimet e paraparë për ndërtimin e kapacitetetve dhe rrjetëzimin e anëtarëve të sapozgjedhur të Komisioneve për marrëdhënie ndërmjet bashkësive. Në këtë trajnim, pjesëmarrësit i përshëndeti edhe drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq, e cila përveç për realizimin e projektit, foli edhe për strukturën organizative dhe aktivitetet e Bashkësisë, në përkrahjen e autoriteteve lokale në vend.

Trajnimi i parë u mbajt nga 25 deri më 27 qershor të vitit 2013 dhe me të u përfshinë anëtarët e komisioneve të reja për marrëdhënie ndërmjet bashkësive nga komunat: Jegunovcë, Dibër, Çashkë, Tearcë dhe Gostivar, kryetarët e mëparshëm të komisioneve, përfaqësuesit e organizatave shoqëruese Qendra për edukim dhe zhvillim nga Tearca dhe Lidhja për zhvillim dhe aktivizim AKVA nga Struga. Trajnimi i dytë u mbajt nga 28 deri më 30 qershor të vitit 2013 dhe në të morrën pjesë anëtarë të KMNB-së nga komunat: Kumanovë, Çair, Çuçer Sandevë, Llozovë dhe Nagoriçani i Vjetër, kryetarët e mëparshëm të KMNB-së nga mandati paraprak, personat nga administratat komunale të autorizuar për përkrahje administrative të punës së KMNB-së dhe përfaqësues nga organizata shoqëruese "Fondacioni për zhvillim të bashkësisë lokale" nga Shtipi.

Qëllimi i ciklit të trajnimeve është të sigurohet kontinuiteti në punën e komisioneve të reja komunale për marrëdhënie ndërmjet bashkësive nëpërmjet ndërtimit të kapaciteteve të





како и зајакнување на соработката помеѓу овие општини. На обуката беа презентирани надлежностите и законската рамка на функционирање на КОМЗ, при што беа пренесени и искуства од работењето на претходните состави на КОМЗ. Членовите на КОМЗ проследија сесија за градење на тимското работење и имаа можност, преку студии на случај, интерактивно да се запознаат со конкретни примери од активностите што ќе ги реализираат, при што го разгледуваа и предлог- деловникот за работа на КОМЗ. На обуките беа повикувани и претседателите на КОМЗ од претходниот мандат, кои ги пренесуваа искуствата и предизвиците со кои се соочувале претходните состави на КОМЗ. Се очекува обуката да им овозможи на новоизбраните членови на КОМЗ солидна основа за успешно спроведување на натамошните активности во КОМЗ во нивниот четиригодишен мандат. Проектот е финансиран од Европската унија преку програмата ЕИДХР 2011 година и се спроведува во 30 општини и во градот Скопје.

anëtarëve të sapozgjedhur të KMNB-së dhe rrjetëzimi në kuadër të vetë komisioneve dhe fuqizimi i bashkëpunimit ndërmjet këtyre komunave. Në trajnimin u prezantuan kompetencat dhe korniza ligjore e funksionimit të KMNB-së ku u shfaqën edhe përvojat nga puna e përbërjeve të mëparshme të KMNB-së. Anëtarët e KMNB-së përndoqën seancë për ndërtimin e punës në grupe dhe patën mundësi nëpërmjet studimeve të rastit në mënyrë interaktive të njihen me shembuj konkretë nga aktivitetet që do t'i realizojnë ku edhe e shqyrtuan propozim-rregulloren për punë të KMNB-së. Në trajnimet u thirrën edhe kryetarët e KMNB-së nga mandati paraprak, të cilët i prezantuan përvojat dhe sfidat me të cilat ballafaqoheshin përbërjet e mëparshme të KMNB-së. Pritet që trajnimi t'u mundësojë anëtarëve të sapozgjedhur të KMNB-së një bazë të fortë për zbatim të suksesshëm të aktiviteteve në vijim në KMNB në mandatin e tyre katërvjeçar. Projekti është i financuar nga Bashkimi Europian nëpërmjet Programit të EIDHR-së viti 2011 dhe zbatohet në 30 komuna dhe në Qytetin e Skupit.

## УТВРДЕНИ УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ НА ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАРОТ

## U KONFIRMUAN KUSHTET PËR SHFRYTËZIM TË HAPËSIRAVE TË QENDRËS SË TRAJNIMEVE TË BNJVL-SË

ЗЕЛС, како национална асоцијација на сите локални власти во Република Македонија, во својот Стратегиски план 2011-2015 година, утврди посебна стратегиска цел, која се однесува на обезбедување на финансиска одржливост на Заедницата. Оваа цел, меѓу другото, опфаќа утврдување и спроведување на политики за обезбедување целосна наплата на членарината од своите членки и категоризација на основни и платени услуги. Во тој контекст, ЗЕЛС во континуитет реализира активности во овој правец, а една од нив е и одлуката донесена од Управниот одбор на ЗЕЛС, на втората седница, одржана на 11 јули, 2013 година, за утврдување на Тарифник за користење на административните простории на ЗЕЛС тренинг центарот, за потребите на трети лица.

Ова иницијатива произлезе и поради големиот интерес што го покажаа невладини организации и странски организации присутни во државата, како и други правни субјекти, да ги користат капацитетите на ЗЕЛС за одржување на семинари и работилници, во рамките на нивните програми и потреби. Управниот одбор одлучи да се искористи оваа можност и со утврдувањето на Тарифникот да се овозможи на транспарентен начин да се обезбедат еднакво достапни услуги за користење на просториите на ЗТЦ за сите заинтересирани субјекти.

Тарифникот ги содржи цените и временскиот период на дневно издавање под закуп, на просториите од ЗЕЛС тренинг центарот и ЗЕЛС прес центарот. Всушност, станува збор за комплетно опремени простории во рамките на административната зграда на ЗЕЛС, кои по спроведената тендерска постапка, минатата година, беа реновирани и адаптирани. Конференциската сала има капацитет за 42 лица, вградено ЛЦД за презентации, 42 компјутери на располагање и опрема за симултан превод, со кабини за преведување и микрофони. Прес центарот, располага со 20 столчиња со прикачена табличка за пишување и ЛЦД за презентации. Во Тарифникот се опфатени и салата за состаноци за 15 лица и училница за 10 лица. Сите простории се климатизирани, а во цената за изнајмување е вклучена и просторијата во која може да се служи кетеринг и кафе. Заинтересираните може да се обратат на телефонскиот број на ЗЕЛС, 02/3099033 и да испратат Барање за користење на простории на ЗЕЛС тренинг центар или ЗЕЛС прес центар на contact@zels.org,mk.

BNJVL-ja si asociacion kombëtar i të gjitha autoriteteve lokale në Republikën e Maqedonisë në Planin e saj Strategjik për periudhën 2011-2015 caktoi një qëllim të veçantë strategjik i cili i referohet sigurimit të pavarësisë financiare të Bashkësisë. Ky qëllim, mes tjerash, përfshin konfirmim dhe zbatim të politikave për sigurim të pagimit të tërësishëm të anëtarësimit nga anëtaret e saj dhe kategorizim të shërbimeve themelore dhe të paguara. Në këtë kontekst, BNJVL-ja vazhdimisht realizon aktivitete në këtë drejtim, ndërsa njëra prej tyre është edhe vendimi i sjellur nga Bordi Drejtues i BNJVL-së në seancën e dytë të mbajtur më 11 korrik 2013 për konfirmimin e Tarifores për shfrytëzim të hapësirave administrative të Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së për nevojat e personave të tretë.

Kjo inicijativë doli edhe nga interesimi i madh që e shfaqën organizatat joqeveritare dhe të huaja të pranishme në vend, si dhe subjekte juridike t'i shfrytëzojnë kapacitetet e BNJVL-së për mbajtje të seminareve dhe punëtorive në kuadër të programeve dhe nevojave të tyre. Bordi Drejtues vendosi të shfrytëzohet kjo mundësi edhe me konfirmimin e Tarifores u mundësua që në mënyrë transparente të sigurohen shërbime të barabarta qasëse për shfrytëzim të hapësirave të BQT-së për të gjitha subjektet e interesuara.

Tariforja përmban çmimet dhe periudhën kohore për shfrytëzim ditor, të hapësirave të Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së dhe Pres Qendra e BNJVL-së. Në fakt bëhet fjalë për hapësira të pajisura kompletisht në kuadër të ndërtesës administrative të BNJVL-së, të cilat pas zbatimit të procedures së tenderit, vitin e kaluar, u rinovuan dhe adaptuan. Salla e konferencave ka kapacitet për 42 persona, LCD të ngjitur për prezantime, 42 kompjutera në disponim dhe pajisje për përkthim simultan, me kabina për përkthim dhe mikrofona. Pres qendra disponon me 20 karrige me tabelë për shkrim dhe LCD për prezantime. Në Tariforen përfshihen salla e takimeve për 15 persona dhe mësimore për 10 persona. Të gjitha hapësirat janë të klimatizuara dhe në çmimin për shfrytëzim përfshihet edhe hapësira në të cilën mund të shërbehet ketering dhe kafe.

Të interesuarit mund të drejtohen në numrin e telefonit të BNJVL-së, 02/3099033 dhe të dërgojnë Kërkesë për shfrytëzim të hapësirave të Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së ose Pres Qendra e BNJVL-së në contact@zels.org,mk.














Во овие простории ЗЕЛС одржува обуки и за претставници од општинската администрација, кои се членови на мрежите при ЗЕЛС, со што значително ги намалува трошоците што досега ги имаше за изнајмување на сали и хотели за оваа намена. Исто така, салите се користат и за состаноци со претставници од други организации и државни институции со кои ЗЕЛС активно соработува. ЗЕЛС упати известување и до сите свои членки за можноста да го користат ЗЕЛС прес центарот, за организирање на свои прес-конференции, за прашања исклучиво поврзани со спроведувањето на надлежностите на локалните власти, при што организацијата на комплетниот настан е обврска на општината.

Në këto hapësira BNJVL-ja mban trajnime edhe për përfaqësues nga administrata komunale, të cilët janë anëtarë të Rrjeteve në BNJVL, me ç'rast në mënyrë të konsiderueshme i zvogëlon shpenzimet që deri tani i kishte për marrjen me qira të sallave dhe hoteleve për këtë qëllim. Gjithashtu sallat përdoren për takime me përfaqësues nga organizata të tjera dhe institucione shtetërore me të cilat BNJVL-ja bashkëpunon në mënyrë aktive. BNJVL-ja dërgoi njoftim deri te anëtaret e saj, për mundësinë, t'a shfrytëzojnë Pres Qendrën e BNJVL-së për organizim të pres-konferencave të tyre, për pyetje të lidhura vetëm me zbatimin e kompetencave të autoriteteve lokale kurse organizimi i ngjarjes komplete është obligim i komunës.





## ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk

## BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË - BNJVL

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Kopenhagenska 5, P.N. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk , www.zels.org.mk